Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 92, 15 ноември 2012 година

ноември 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област биологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научната област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научна област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на два наставника во сите звања за наставно-научната област/поле клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област/поле фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 46

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 53

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 59

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 82

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата" поднесен од авторот Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество" од проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 94

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество" од проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 97

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 100

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука број 2402-189/5 од 17.10.2012 г., донесена на 71. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 17.10.2012 г., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на помлад асистент/асистент за научната област ***англистика*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ на 5.10.2012 г. и во предвидениот рок се пријавија три кандидатки: м-р Наталија Поп Зариева, м-р Гордана Памукова-Савеска и Сања Стефановска.

Врз основа на приложената документација на кандидатките, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот Факултетот да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***М-р Наталија Поп Зариева***

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Наталија Поп Зариева** е родена на 1 јуни 1973 година во Кочани, Република Македонија. Во 1992 година се запишува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, насока Превод и толкување. Студиите ги завршува во 1996 година и се стекнува со право на стручен назив професор по англиски јазик и книжевност. Во 2009 година се запишува на постдипломски студии на Универзитетот „Неофил Рилски“ во Благоевград, Република Бугарија, на Програмата за превод и современа англиска литература, каде што положува 17 испити со просечна оценка 5,24 според системот на оценување во Република Бугарија, што соодветствува на просечна оценка 8,99 на системот за оценување во Република Македонија. Студиите ги завршува во 2011 година со одбрана на магистерска теза на тема „Етичките проблеми во делото ’Бисер’ на Џон Стајнбек“. Истата година се запишува на трет циклус студии на Универзитетот „Климент Охридски“ во Софија, Република Бугарија. Во учебната 2011/2012 година работи како стручен соработник по литература на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Работно искуство***

По завршување на студиите, Наталија се вработува во ДЕМАУ „Гошо Викентиев“ во Кочани. Од 1996 година до денес работи во ОУ „Св. Кирил и Методи“ во Кочани. Во текот на своето работно искуство работела на неколку проекти на Бирото за развој на образованието, МОН и УСАИД:

- 2006-2007 год. била обучувач во прва и втора фаза во Проектот за иновативно користење на ИКТ во наставата;
- 2007-2008 год. била обучувач по англиски јазик во Проектот за модернизација на образованието;
- 2007-2009 год. била обучувач во Проектот за основно образование „Подобрување на стандардите за оценување“;
- 2008 год. била фасилитатор во проектот за основно образование.

Во учебната 2011/2012 година работи како стручен соработник по литература на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Покрај овие нејзини активности, Наталија е и активен член на ЕЛТАМ - Асоцијација на наставници по англиски јазик и книжевност и локален координатор на активностите на асоцијацијата. Член е на ИАТЕФЛ - Меѓународна организација за англиски јазик.

Наталија Поп Зариева е одличен работник и посветува големо внимание на своето усовршување. Покрај англискиот јазик, го познава и германскиот јазик и има одлични компјутерски познавања. Активно ги користи Microsoft Word, Power Point, MS Publisher, Excel, Internet и сл.

***Објавени научни трудови***

1. Улогата на Македонија во креирањето и дисеминацијата на старите пишани знаци и азбучни системи низ вековите - Меѓународен журнал за уметност и наука - ИЈАС, Меѓународна конференција за академски дисциплини, Харвард, Кембриџ, Масачусетс, 27-30 мај 2012 год.
2. Романот во Македонија и во Америка во 20 век преку романите „Белата Долина“ на Симон Дракул и „Бисерот“ на Џон Стаинбек и покрај разликата во тематиката, со сличен лирски сензибилитет и вечната идеја за борбата на доброто и злото - VIII Македонско-северноамериканска конференција, Охрид, 7-8 јули 2012 год.
3. Книжевните дела како средство и медиум за развивање позитивни морални вредности кај младите - Зборник 2011/2012 год. на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Евалуација на трудовите***

Евалуација на трудот под реден број 1 – **Рефератот *„Улогата на Македонија во создавањето и дисеминацијата на старите писмени знаци и азбучни системи низ вековите“*** презентиран во вид на постер презентација содржи интересни споредбени факти за поврзаноста на феникиската, грчката и латинската азбука со македонската кирилска азбука, како и улогата на Македонија во создавањето на овие писмени знаци. Се нагласува значењето на доаѓањето на феникискиот принц Кадмо на овие простори и огромната улога на свети Климент и свети Наум во развојот на Охрид во центар на словенската култура. Своите факти ги базира на откритија на територијата на Република Македонија, но се осврнува и на улогата на митологијата во креирањето на мислењето за оваа интеракција.

Евалуација на трудот под реден број 2 - **Рефератот *„Романот во Македонија и Америка во 20 век преку романите ’Белата долина’ на Симон Дракул и ’Бисерот’ на Зон Стеинбек и покрај разликите во тематиката со сличен лирски сензибилитет и вечната идеја за борбата на доброто и злото“*** претставува една темелна компаративна синтеза на главните карактеристики на романите „Белата долина“ и „Бисерот“ на авторите Симон Дракул и Џон Стеинбек. Таа вешто ги споредува нивниот лирски сензибилитет, психолошкото сликање на ликовите, техниките на живописно сликање на природата, како и моралните дилеми кои им се заедничка карактеристика и основа на постоењето на човековото битие каде и да се наоѓа: вечната борба на доброто и злото.

Евалуација на трудот под реден број 3 - **Трудот *„Книжевните дела како средство и медиум за развивање на позитивни морални вредности кај младите“*** (во печатење во Универзитетскиот зборник 2011/2012). М-р Наталија Поп Зариева се осврнува на проблемот на денешницата - заборавените или изгубените морални вредности, особено кај младите. Таа претставуваа разни теории на вредности од минатото до денес и ги поврзува со романот „Бисерот“ на Џон Стеинбек што обработува некои основни, но многу значајни морални вредности. Целта на авторот на овој реферат е да докаже и да покаже како книжевните дела може да послужат во вградување на моралните вредности кај младите во текот на нивното образование, што успешно го постигнала.

***М-р Гордана Памукова-Савеска***
***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Гордана Памукова-Савеска** е родена на 11 декември 1979 година. Во 2003 година дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методи“ во Скопје и се стекнува со диплома професор по англиски јазик и книжевност со македонски јазик. Во 2010 година добива стипендија од Европската комисија за посета на Еразмус Мундус магистерски студии според програмата „Крстопати“ по европски хуманистички студии. Студиите се одвивале во три центри: Универзитетот „Нова“ во Лисабон, Португалија, Универзитетот „Сент Ендруз“ во Шкотска, Велика

Британија, и Универзитетот „Бергамо“ во Италија. Студиите ги завршува во 2011 год. со магистерски труд под наслов „Конструкција на националниот идентитет во Македонија и Ирска“.

***Работно искуство***

Во 2001 година м-р Гордана Памукова-Савеска почнува да работи како професор по англиски јазик во јазичното студио „Пикадили“ во Скопје. Нејзините обврски вклучуваат организирање на курикулумот и подготовка на наставни материјали во согласност со најсовремените јазични методи, организирање и спроведување на ESOL предиспитни сесии, имплементирање на европското јазично портфолио и сл. Во 2012 година спроведува курсеви за деловен англиски и кореспонденција во Пивара Скопје АД. Од 2006 година до 2009 година предава македонски јазик на вработените во Амбасадата на Кралството Норвешка во Р. Македонија. Во 2006 и 2007 година предава македонски јазик на Студиската програма за македонски јазик на Државниот универзитет на Аризона, којашто се одвива во Охрид.

Во текот на своето работно искуство, Гордана учествува на голем број семинари и проекти од областа на предавањето на англискиот јазик и неговото усвојување како втор странски јазик, извршува преводи од македонски на англиски јазик и обратно и сл. Член е на професионалните организации ЕЛТАМ – Асоцијација на наставниците по англиски јазик, МАКС – Македонска асоцијација за квалитет во наставата по странски јазици, ЕМА – Асоцијација на Еразмус Мундус студентите и на Research SIG (Second Language Acquisition) за спроведување истражувања од областа на усвојувањето на англискиот како втор или како странски јазик.

***Сања Стефановска***
***Биографски податоци***

Кандидатката **Сања Стефановска** е родена во 1989 година. Во 2012 година дипломира на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на насоката Англиски јазик и книжевност – Преведувачи и толкувачи, со просечна оценка 9,56 и се стекнува со стручен назив диппломиран филолог – преведувач и толкувач по англиски јазик. Во овој кус период по нејзиното дипломирање работи како преведувач на снимен материјал од англиски на македонски јазик и обратно. Покрај англиски јазик, одлично зборува и италијански јазик. Има одлично познавање на алатките Microsoft Office (Word, Excel и PowerPoint), на алатките за графички дизајн (Adobe Illustrator, PhotoShop) како и на Интернет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за помлад асистент/асистент за научната област *англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се пријавиле кандидатките:

1. м-р Наталија Поп Зариева;
2. м-р Гордана Памукова-Савеска;
3. Сања Стефановска.

Комисијата смета дека само кандидатката м-р Наталија Поп Зариева целосно ги исполнуваат условите пропишани со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип. Освен тоа, таа е веќе запишана на студии од трет степен, има објавено неколку научни трудови и веќе работи како стручен соработник по литература на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Со оглед на претходно наведеното, Рецензентската комисија со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере кандидатката м-р Наталија Поп Зариева за соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Кусевска, доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Нина Даскаловска, доцент, член, с.р.**
**Д-р Билјана Ивановска, доцент, член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на м-р Наталија Поп Зариева од научната област англистика според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Наставно-образовна дејност | | | |
| Модерен англиски роман 2+2+2 | 12 | 12x0,5 | 6 |
| Англиска книжевност 8 (Шекспир и современа британска драма) 2+1 | 12 | 12x0,5 | 6 |
| Научноистражувачка дејност | | | |
| Одбранет магистерски труд - магистерски труд на тема *Етичките проблеми во „Бисерот“* на Џон Стеинбек | 1 | 4 | 4 |
| Меѓународна конференција (IJAS), Харвард, постер презентација на тема *„Улогата на Македонија во создавањето и дисеминацијата на старите писмените знаци и азбучни системи низ вековите“* (реден број 1) | 1 | 1x1,5 | 1,5 |
| Македонско-северноамериканска конференција, Охрид, 7 јули 2012 г., реферат на тема *„Романот во Македонија и Америка во 20 век преку романите 'Белата долина' на Симон Дракул и 'Бисерот' на Зон Стеинбек и покрај разликите во тематиката со сличен лирски сензибилитет и вечната идеја за борбата на доброто и злото“* (реден бр.2) | 1 | 1x1 | 1 |
| Панел дискусија на тема *„Етичките вредности во литературата”* (реден број 3) | 1 | 1x1,5 | 1,5 |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Труд објавен во Универзитетски зборник 2011/2012 на тема *„Книжевните дела како средство и медиум за развивање на позитивни морални вредности кај младите“* (реден бр.4) | 2 | 1x2 | 2 |
| **Вкупно** | | | 22 |